Врз основа на член 126 став 1 од Уставот на Република Северна Македонија и член 36 став 1 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр.59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 51/11, 15/13, 139/14, 196/15, 142/16 и 140/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 98/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 2 јуни 2020 година, донесе

# УРЕДБА СО ЗАКОНСКА СИЛА ЗА ПРИМЕНА НА ЗАКОНОТ ЗА ОДБРАНА ЗА ВРЕМЕ НА ВОНРЕДНА СОСТОЈБА

**Член 1**

Законот за одбрана („Службен весник на Република Македонија“ бр.42/01, 5/03, 58/06, 110/08, 51/11, 215/15 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.42/20), ќе се применува за време на траење на вонредната состојба, доколку со оваа уредба со законска сила не е поинаку уредено.

За испраќање на активниот воен и цивилен персонал, припадниците на резервните сили на Армијата на Република Северна Македонија и вработените во Министерството за одбрана, надвор од територијата на Република Северна Македонија за учество во меѓународни операции, за време на траење на вонредната состојба, се применуваат одредбите од оваа уредба со законска сила.

**Член 2**

Одлука за испраќање на активниот воен и цивилен персонал, припадниците на резервните сили на Армијата на Република Северна Македонија и вработените во Министерството за одбрана, надвор од територијата на Република Северна Македонија за учество во меѓународни операции, за време на траење на вонредната состојба донесува Владата на Република Северна Македонија.

**Член 3**

Оваа уредба со законска сила влегува во сила со денот на објавувањето во„Службен весник на Република Северна Македонија”.

**Бр. 44-4926/1**
**2 јуни 2020 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**Оливер Спасовски**